ProCredit Bank Macedonia

ProCredit Bank, Манапо 7, 1000 Skopje, Macedonia

# Објава за тендер

| | |
|---|---|
| Набавувач: | ПроКредит Банка АД Скопје |
| Назив на тендер: | Тендер за снабдување со електрична енергија на ПроКредит Банка АД Скопје |
| Број на тендер: | 04/2017 |
| e-mail: | tenders@procreditbank.com.mk |
| Факс: | (02) 321 99 01 |

Датум на објава на тендерот: 31.10.2017 година

Краен датум на доставување на понудите: 06.11.2017 година

Почитувани,

ПроКредит Банка АД Скопје ќе врши избор на најповолна компанија за снабдување со електрична енергија за објектите на ПроКредит Банка АД Скопје на територија на Р.Македонија во времетраење од 1 (една) година.

**Тендерската понуда треба да содржи:**

- цена за kWh за еднотарифен систем - иста цена за енергија ВТ и енергија НТ
- цени за двотарифен систем за енергија ВТ и енергија НТ

Дополнително да се наведе кои трошоци се вклучени во цената за електричната енергија.

Ве молиме да направите симулација на сметката за електрична енергија за месец септември за сите места на потрошувачка со новата понудена цена.

ProCredit Bank
Манапо 7
1000 Skopje, Macedonia
S.W.I.F.T.: PRBUMK22

Phone +389 2 244 60 00
Fax +389 2 321 99 01
info@procreditbank.com.mk
www.procreditbank.com.mk

Members of Managing Board:
Jovanka Joleska Popovska, General Manager
Emilija Spirovska, Member of Managing Board
Mimoza Godanci Aliu , Member of Managing Board

ProCredit Bank
Macedonia

ProCredit Bank, Манапо 7, 1000 Skopje, Macedonia

Симулација да биде направена и за двата случаи, со еднотарифен и двотарифен систем.

**Напомена:**

Компанијата која ќе биде избрана за снабдување со електрична енергија треба да понуди цена која ке биде фиксна до крај на 2018 година. Банката го задржува правото да врши електронско пријавување и одјавување на потрошувачки места.

Во сметките за потрошена електрична енергија ќе бидат содржани следните елементи:

- потрошена електрична енергија,
- тарифата за организирање на пазарот на електрична енергија (ОПЕЕ)
- надомест за обновлива енергија (ОЕ)
- како и други давачки или надомести кои можат да бидат наметнати со закон, а за кои Снабдувачот ќе го информира Потрошувачот благовремено.

Во прилог Ви доставуваме информација за месечна потошувачка во период од Јануари до Септември 2017 година.

| Месец | Потрошувачка во KWh (BT) | Потрошувачка во KWh (HT) | Вкупна месечна потрошувачка во KWh |
|---|---|---|---|
| 2017-01 | 80.504 | 48.389 | 128.893 |
| 2017-02 | 56.491 | 32.360 | 88.851 |
| 2017-03 | 45.975 | 26.786 | 72.761 |
| 2017-04 | 36.866 | 25.615 | 62.481 |
| 2017-05 | 37.789 | 25.727 | 63.513 |
| 2017-06 | 40.694 | 24.334 | 65.029 |
| 2017-07 | 39.726 | 24.233 | 63.960 |
| 2017-08 | 42.326 | 25.043 | 67.370 |
| 2017-09 | 34.157 | 22.237 | 56.394 |

ProCredit Bank
Macedonia

ProCredit Bank, Манапо 7, 1000 Skopje, Macedonia

**Облик и содржина на понудата:**

1. Понудата се изработува во писмен облик
2. Понудата треба да содржи:

А) Име, ЕДБР на фирмата , адреса и седиште на Понудувачот, броеви на телефон и факс, e-mail адреси и лица за контакт

Б) Да се понуди цена за еднотарифен и двотарифен систем , цена во KWh изразена во денари, со посебно изразен ДДВ. Цената во себе треба да ги има вкалкулирано:

Во понудената цена покриени се и вклучени следниве елементи:
- испорачана енергија
- сите увозни царини и трошоци
- трошоци за балансирање на отстапувањата
- дневна оператива кон МЕПСО (најава и физички номинации)
- советодавни услуги за намалување на трошоците за потрошена електрична енергија

В) Лиценца за снабдувач со електрична енергија издадена од надлежен орган;

Г) Рок на важност на понудата;

Д) Начин на плаќање - месечно по извршената услуга;

Ѓ) EIC код издаден од АД МЕПСО – Скопје;

Е) Докази за техничка и професионална способност и референтна листа;

Ж) Изјава дека фактурите ќе бидат доставувани во електронска форма ( excel табела со потрошувачка по броила );

З) Антикорупциска изјава потпишана и печатирана;

Ѕ) Информација за тековна состојба на фирмата од Централниот Регистар;

ProCredit Bank
Манапо 7
1000 Skopje, Macedonia
S.W.I.F.T.: PRBUMK22

Phone +389 2 244 60 00
Fax +389 2 321 99 01
info@procreditbank.com.mk
www.procreditbank.com.mk

Members of Managing Board:
Jovanka Joleska Popovska, General Manager
Emilija Spirovska, Member of Managing Board
Mimoza Godanci Aliu , Member of Managing Board

ProCredit Bank
Macedonia

ProCredit Bank, Манаро 7, 1000 Skopje, Macedonia

И) Странско правно или физичко лице кое се јавува како понудувач доставува ревизорски извештај од матичното правно лице кој треба да биде издаден од реномирана странска ревизорска куќа и;

Ј) Преглед на податоци од последната годишна сметка издаден од Централен Регистар на Р. Македонија (само за аутсорсинг компании).

Документите се доставуваат во оригинал или копија, со датум на издавање кој не треба да биде постар од 6 (шест) месеци.

Критериуми за оценување (бодување) што ќе се применуваат при донесување на одлука по тендер се следните:

- Цена за KWh.........................................................................................90 бодови
- Соработка со банката............................................................................10 бодови

Понудите треба да се испратат во затворено плико, со ознака “Не отварај” и „За тендер“ најдоцна до крајниот датум за доставување на понудите на долунаведената адреса:

**Ул Манапо бр. 7, Скопје**

со назнака за **Тендер за** снабдување со електрична енергија на ПроКредит Банка АД Скопје **бр. 4/2017.**

**Понудите кои се примени преку e-mail или по факс, понуди примени по истекот на крајниот рок, понуди добиени и адресирани до вработени на ПроКредит Банка не се сметаат за валидни при одлучување за тендерот.**

**Пликотото не смее да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува испраќачот.**

Аритметичките грешки се корегираат според одредени правила кои произлегуваат од практиката. Во некои случаи е можно да постои грешка во збировите, односно несовпаѓање на единечните и вкупната цена. Во ваков случај секогаш преовладуваат единечните цени и се корегира вкупната цена. Во други случаи може да се јави грешка помеѓу цените изразени во бројки и во букви, тогаш преовладува износот напишан со букви, или пак грешка во единечната цена без ДДВ или единечна цена со вклучен ДДВ, тогаш преовладува единечната цена без ДДВ.